# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 2 година XXXVIII







***СОДРЖИНА***


2 страна - **Соработка на РЦПЛИП – ПОРАКА со високообразовните институции**

3 страна - **Реакција на РЦПЛИП – ПОРАКА до МСПДМ**

4 и 5 страна - **Потпишан меморандум за соработка помеѓу министерствата за здравство, образование и социјална политика**

5 страна - **Меѓународна конференција на ЕАСПД**

6 и 7 страна - **Зошто социјалните сервисни служби мора да се дел од стратегијата на ЕУ за примена на вештачката интелигенција**

8 страна - **Одбележување на Европски ден на самостојно живеење**

9 страна - **Глобален самит за попреченост 2025**

10 - 15 страна - **Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА**

16 страна - **Настан „Битола низ вековите: Од европски град до пример за инклузија преку ПОРАКА“**



***“ПОРАКА”***
***Гласило на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***

**Јуни 2025 г. Број 2, год. XXXVIII**
Гласилото излегува секои 3 месеци

***Уредувачки одбор:***
Д-р Василка Димоска Де Јонг
М-р Владо Крстовски
М-р Маја Гацоска

***Печати:***
Артифекс Креативе ДОО Скопје
Тираж 1.000 примероци

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
“Орце Николов” бр. 122, Скопје;
тел.: 329 69 61; e-mail: poraka@t.mk
web: www.poraka.org.mk



**Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.**


## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Соработка на РЦПЛИП – ПОРАКА со високообразовните институции

Соработката со Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет – Скопје продолжува успешно да се реализира и во изминатиов период. Студенти од оваа високообразовна институција реализираа практична настава во рамките на предметот „Социјална работа со лица со попреченост“ во сервисните служби на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје. Тие имаа можност директно да се запознаат со работата на социјалниот работник во сервисна служба за лица со интелектуална попреченост. Исто така, студентите имаа можност да се запознаат со правата на лицата со интелектуална попреченост во рамките на системот на социјалната заштита, но и директно да соработуваат со корисниците и за дел од нив да изработат наод и мислење, со поддршка од социјалните работници во дневните центри.



Во изминатиов период продолжи и соработката со Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола. Во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола, студенти од студиската програма Социјална и рехабилитациска педагогија редовно ја реализираат својата практична настава. Тие активно се вклучуваат во работата на социјалниот клуб и учествуваат во работата со корисниците.




Исто така, две студентки од Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола реализираа пракса во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп.

Активности на РЦПЛИП – ПОРАКА

# Реакција на РЦПЛИП – ПОРАКА за неоснованите одбивања на возрасните лица со умерена интелектуална попреченост за ослободување од плаќање партиципација при користење здравствена заштита

Основно барање на РЦПЛИП – ПОРАКА во областа на здравствената заштита и осигурување во изминативе 20 години беше државата да обезбеди бесплатна здравствена заштита, лекување, третмани и лекови за сите лица со интелектуална попреченост, без ограничување на возраста на 26 години. После голем број активности за застапување (вклучувајќи поднесена иницијатива во 2013 година до Уставниот суд за оценување на уставноста на ограничувањето на ослободување од партиципација при користење на здравствени услуги само за деца со попреченост до 26 годишна возраст), конечно на 18 јули 2023 година, Собранието на Република Северна Македонија усвои измена на Законот за здравствено осигурување со која се овозможува возрасните лица со интелектуална попреченост да користат здравствени услуги без обврска за плаќање на партиципација.

За жал, остварувањето на ова право за лицата со интелектуална попреченост над 26-годишна возраст, во изминатите две години се одвива отежнатото и голем број на лица, особено оние кои се со умрена интелектуална попреченост неосновано се одбиваат од страна на Центрите за социјална работа, со што истите вршат противзаконско кршење на нивите права.

РЦПЛИП – ПОРАКА изминатите две години постојано реагираше до Министерството за социјална политика, демографија и млади, како и до социјалната инспекција во состав на министерството, со цел да се овозможи непречено остварување на ова право.

Последната реакција беше доставена во април 2025 година до Одделението за заштита и вработување на лица со попреченост и заштита на стари лица при Секторот за социјална заштита, и до Кабинетот на Министерот, заедно со копии од неосновани одбивања на лица со интелектуална попреченост кои аплицирале за остварување на правото во центри за социјална работа.

Во реакцијата е дадено упатство од одговорни лица од министерството до сите центри за социјална работа во државата, во кое се посочува дека лицата со тешка и длабока интелектуална попреченост го остваруват правото на бесплатна здравствена заштита како корисници на надоместок за попреченост, додека лицата со умерена интелектуална попреченост треба да го остваруваат правото како корисници на надоместокот за помош и нега од друго лице. И покрај ваквото упатство од страна на надлежното министерство, останува нејасно зошто центрите за социјална работа го оспоруваат правото на лицата со умерена интелектуална попреченост и ги одбиваат нивните барања со издавање на несоодветни потврди. На последната реакција на РЦПЛИП - ПОРАКА се уште нема официјален одговор од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Приоритети и препораки на РЦПЛИП – ПОРАКА во областа на здравствената заштита и осигурување**

Останатите приоритети и препораки на РЦПЛИП – ПОРАКА во областа на здравствената заштита и осигурување:

- **Неопходна е ревизија на позитивната листа на лекови и обезбедување достапност на лековите кои се неопходни за децата/лица со интелектуална попреченост. Исто така, во делот на набавка на лековите, потребно е олеснување и забрзување на постапката за рефундирање на средства од Фондот за здравствено осигурување.**
- **Кога е потребно, матичниот лекар на пациентот со интелектуална попреченост да му препорачува придружник при хоспитализација во болнички услови, без ограничување на возраста со цел успешно да се оствари потребната здравствена заштита.**
- **Неопходно е да се развијат услуги, програми и сервисни служби за превенција, рано откривање и дијагностицирање и рана интервенција, при воочување на нетипичен развој на новородени, но и следење, третман и рехабилитација.**
- **Советодавна поддршка на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства преку информирање, едукација и обука во областа на здравствената заштита.**
- **Обезбедување универзална достапност до сите потребни здравствени услуги за лицата со попреченост (вклучувајќи услуги за сексуално и репродуктивно здравје), обука на здравствените работници за пристап кон лицата со попреченост базиран на човековите права, како и информирање, едукација и намалување на предрасудите кај медицинскиот персонал.**



**Активности за развој на систем за рана интервенција во детството**

# Потпишан меморандум за соработка помеѓу министерствата за здравство, образование и социјална политика за имплементација на систем за рана интервенција во детството

Министерството за здравство, Министерството за социјална политика, демографија и млади и Министерството за образование и наука на 16.05.2025 година потпишаа Меморандум за соработка за пилотирање и подготовка за имплементација на семејно-ориентиран систем за рана интервенција во детството (РИД).

Пилотирањето на новите услуги ќе го спроведуваат обучени професионалци од здравствени и рехабилитациски центри, градинки, училишни ресурсни центри и лиценцирани даватели на социјални услуги во Град Скопје, со цел да ги зајакнат семејствата и да ги поддржат децата кои се изложени на ризик од задоцнување во развојот и попреченост, преку пакет родителски совети и специјализирани услуги.

Во своето обраќање пред присутните министерот за социјална политика, демографија и млади, Фатмир Лимани го истакна значењето на потпишувањето на меморандумот кој според него тој претставува клучен чекор на патот кон поправедна и поинклузивна иднина за секое дете.

„Вложувањето во раниот детски развој не е луксуз, ниту опција – туку нужност. Тоа е една од најпаметните, најефикасни и најдиректни интервенции за изградба на поеднакво општество. Секоја политика насочена кон поддршка на најмладите деца е инвестиција во подобро образование, поефикасно здравство, посилна економија и поодржливо општество. Оваа соработка меѓу институциите не треба да биде исклучок, туку модел што ќе го следиме постојано. Само со здружени сили – со знаење, политичка волја и меѓусебна доверба – можеме да изградиме систем што ги штити и ги поддржува нашите најмлади," порача Лимани.

Тој упати на тоа, дека улогата на заедницата е исто толку важна колку и онаа на институциите. Притоа, како клучна ја посочи соработката со родителите, со наставниците, со здравствените и социјалните работници.

„Со рано решавање на развојните проблеми, децата имаат поголема веројатност да успеат во училиште и да им бидат потребни помалку посебни услуги, како што растат. И што е многу важно, со раната интервенција може значително да се подобри квалитетот на животот на овие деца, и тие во поголема мера да се вклучат во семејниот, училишниот и општествениот живот", рече министерката за образование и наука проф. д-р Весна Јаневска.

Информираше дека како поддршка на пилотирањето на новиот модел на рана интервенција во детството, Министерството за образование и наука ќе обезбеди вклучување на две училишта - основното училиште со ресурсен центар „Иднина" и Државното училиште за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов", како и стручни лица од овие училишта кои успешно завршија обука за давање на овој тип на услуги.



Заменик министерот за здравство, Јовица Андовски потпишувањето на меморандумот го посочи како ново поглавје со кое се потврдува и дополнително унапредува заложбата за подобар третман на лицата со попреченост.

„Министерството за здравство е активно вклучено со цел обезбедување на поддршка во пилотирањето на услугите за рана интервенција во детството во Скопје. За реализација на оваа активност ќе биде обезбеден зголемен број вработени стручни лица при ЈЗУ Здравствен дом Скопје и ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација како и на целата територијата на Македонија. Дополнително, еден од следните чекори е организирање активно учество на професионалците од институциите под надлежност на министерството при давањето менторска поддршка од страна на национални и меѓународни консултанти," истакна Андовски.

Тој како дополнителна новина го посочи воведувањето на електронска евиденција за работа на Комисијата за функционална попреченост, како дел од националниот систем „Мој Термин".

Во Северна Македонија се проценува дека над 17.000 деца под шестгодишна возраст може да имаат потреба од услуги за рана интервенција. Со цел надминување на недостатоците во системот, со поддршка од УНИЦЕФ беше изработена стратегија во партнерство со Здружението на специјални едукатори и рехабилитатори, за поддршка на секторите за здравство, образование и социјална заштита во воспоставувањето на системско решение кое ќе обезбеди сите деца на предучилишна возраст со ризик од развојни тешкотии и/или попреченост да добијат услуги за рана интервенција.

„Во првите пет години од животот, детето се развива побрзо отколку во кој било друг период од животот. УНИЦЕФ го поздравува овој нов пристап, преку кој семејствата ќе добијат насоки и специјализирани услуги што им се потребни за да се справат со секојдневните предизвици и да го поттикнат оптималниот развој на своите деца," изјави Лесли Милер, претставничка на УНИЦЕФ.

## Активности за развој на систем за рана интервенција во детството

Мултисекторскиот договор вклучува обврска од Министерството за здравство да воспостави универзален скрининг за сите деца до шестгодишна возраст, со цел навремено откривање и интервенција на национално ниво. По завршувањето на пилот фазата, семејно-ориентираните услуги постепено ќе се проширувaат низ целата држава.

**Ставот на РЦПЛИП – ПОРАКА е дека е неопходно воспоставување на позитивен модел на поддршка на семејствата кои имаат деца со интелектуална попреченост уште од најрана возраст. Постоењето на вакви сервисни служби во кои родителите и децата ќе добијат директна психо-социјална поддршка во најрана детска возраст е основа за понатамошна работа, а уште поважно е развивање на потенцијалот на децата со интелектуална попреченост и нивна инклузија во редовниот систем од рана детска возраст. Улогата на раниот детски третман е есенцијална за развојот на капацитетите на секое дете, особено на деца родени со ризик фактор или стекнат ризик.**

*Преземен текст од www.mon.gov.mk*

## Активности на ЕАСПД

# Меѓународна конференција „Култура на инклузија: Збогатување на животот преку уметност, спорт и рекреација“

ЕАСПД – Европска асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост, во периодот 14 – 17 мај 2025 година во Гандиа - Шпанија, организираше меѓународна конференција на тема „Култура на инклузија: Збогатување на животот преку уметност, спорт и рекреација“.

Лицата со попреченост имаат право да напредуваат. Тие треба да можат да гледаат подалеку од основните потреби и да истражуваат разни интереси и активности, како и сите други. Тоа е суштината на член 30 од Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост: учество во културниот живот, рекреација, слободни активности и спорт. Иако пристапот до вработување, образование, здравствена заштита и социјална сигурност се од витално значење, што е со другите работи кои исто така го прават животот интересен и пријатен, работи што додаваат вредност? Културата, рекреацијата, слободните активности и спортот ги збогатуваат нашите животи на безброј начини. Тие создаваат врски, го поддржуваат социјалниот живот и ги поврзуваат луѓето во нивната заедница. Тие ги зајакнуваат луѓето, ја градат нивната самодоверба и ги проширувaат нивните перспективи. Овие квалитети придонесуваат за посреќен и поисполнет живот. Дополнително, лицата со попреченост треба да ја имаат можноста да ги промовираат и да ги покажат нивните способности преку овие активности, покажувајќи дека нивните вештини и таленти се вредни и го збогатуваат општеството.

За да се имплементира членот 30, мора да се создаде култура на инклузија. Заедниците и сервисните служби треба да соработуваат и да прифатат начин на размислување каде што учеството во слободни активности и културен живот нема бариери. Од центри за уметност до спортски клубови, обезбедувачите на сервисни служби можат да играат клучна улога во поттикнувањето на „култура на инклузија“ преку партнерство со нивните локални заедници.

Конференцијата се фокусираше на активности кои внесуваат боја во животот. Преку споделување на добри практики од целиот свет, се истражи како сервисите за поддршка можат да ги охрабрат лицата со попреченост да пристапат до културни, слободни и спортски активности и да уживаат во значаен социјален живот во рамките на нивните заедници. Конференцијата ги истражи и законските и политичките рамки што се потребни на ниво на ЕУ и на национално ниво за да се овозможи обезбедувачите на сервисни служби да можат да ја исполнат својата улога на поддржувачи, изобилуваше со културни и уметнички, како и спортски содржини во кои учесниците можеа да творат и да спортуваат заедно со лица со попреченост.

На конфедерацијата учествуваа Генералниот секретар на РЦПЛИП – ПОРАКА, д-р Василка Димоска Де Јонг и програмскиот менаџер м-р Владо Крстовски. Во рамките на конференцијата, Програмскиот менаџер учествуваше на состанокот на Управниот одбор на ЕАСПД и го раководеше состанокот на Форум на членки на ЕАСПД за инклузивно живеење, а заедно со Генералниот секретар учествуваа на седница на Генерално собрание на ЕАСПД.






## Активности на ЕАСПД

# Зошто социјалните сервисни служби мора да се дел од стратегијата на ЕУ за примена на вештачката интелигенција

Европската комисија развива Стратегија за примена на вештачката интелигенција, носечка иницијатива со која сака Европа да ја направи глобален лидер во вештачката интелигенција. Фокусот на Европската комисија е да поттикне на усвојување на вештачка интелигенција низ стратешките сектори вклучително и производство, одбрана, земјоделие и храна, мобилност, енергија и друго.

Социјалните сервисни служби за лица со попреченост во моментот не се наведени меѓу овие „стратешки сектори“, и покрај тоа што се потребни за социјалната кохезија и економската отпорност на Европа. Токму затоа ЕАСПД даде свој придонес во јавните консултации, повикувајќи ја Европската комисија да ги вклучи социјалните сервисни служби во стратегијата за примена на вештачка интелигенција.

Социјалните сервисни служби мора да бидат признаени како стратешки сектори во оваа иницијатива, не само како корисник на технологии со вештачка интелигенција, туку како клучен чинител во обликувањето на инклузивни, етички и кон човекот ориентирани екосистеми со вештачка интелигенција кои понатаму ја подобруваат конкурентноста на ЕУ.

### Зошто е ова важно?

- Вештачката интелигенција може да помогне во трансформација на социјалните сервисни служби, подобрувајќи го нивниот квалитет, опфатност и ефикасност. На пример, алатки со вештачка интелигенција може да ги олеснат административните тешкотии, да го поддржат планирањето на работната сила и да ја подобрат грижата ориентирана кон лицето.
- Секторот на социјални сервисни служби е еден од најголемите работодавачи во ЕУ. 3.3 милиони лица се вработени во секторите за здравство и социјала, правејќи ги суштински столб на социјалната економија. Сепак, овој сектор останува слабо финансиран и недоволно дигитализиран.
- Со сè поголемата побарувачка за сервисни служби за грижа, вештачката интелигенција претставува стратешка можност за подобрување на економичноста, зголемување на учеството во работната сила (особено за жени и неформални згрижувачи) и поддршка на самостојното живеење на лицата со попреченост.

### Клучните пораки на ЕАСПД до Европската унија:

1. Социјалните сервисни служби мора да бидат признаени како стратешки сектор во стратегијата за примена на вештачката интелигенција.
2. Инвестициите во инклузивна и етичка вештачка интелигенција може да ги унапреди правата на лицата со попреченост и да ја поддржи конкурентноста на ЕУ.
3. На секторот му е потребна посветена поддршка и финансирање за целосно искористување на потенцијалот на вештачката интелигенција, од пружање сервисна служба до внатрешни човечки ресурси и административни процеси.

Со препознавање на социјалните сервисни служби како стратешки актери, а не само како корисници на вештачка интелигенција, Европа може да е прва во развивањето на екосистеми на вештачка интелигенција ориентирани кон човекот. Ова е во согласност со суштинските вредности на ЕУ и на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.

За таа цел, ЕАСПД разви документ за позиција насловен „Отклучување на потенцијалот на вештачката интелигенција во социјалните сервисни служби“ со кој ќе делува за вклучување на социјалните сервисни служби во новата Стратегија.

### Препораки за Стратегијата на ЕУ за примена на вештачка интелигенција

За да се осигури дека социјалните сервисни служби не се оставени и да се затвори јазот на вештачка интелигенција помеѓу секторите, ЕУ мора да преземе насочени активности за да постави инклузивна, етичка и водена од вредности вештачка интелигенција во екосистемот за социјалната грижа и поддршка:

1. Експлицитно вклучување на социјалните сервисни служби и социјалната економија во Стратегијата на ЕУ за примена на вештачка интелигенција, давајќи приоритет на алатки за вештачка интелигенција кои го подобруваат квалитетот на грижа, инклузијата и самостојноста. ЕУ треба да ги препознае социјалните сервисни служби и актерите во социјалната економија како клучни чинители во одговорен развој и развој на вештачката интелигенција. Тоа значи дека приоритет треба да се даде на алатки за вештачка интелигенција кои ја поддржуваат персонализираната грижа, ја подобруваат инклузијата и пристапноста, и ја промовираат самостојноста и добросостојбата на лицата со попреченост, старите лица и други ранливи групи. Инструментите за финансирање, како што се Хоризонт Европа, програмите за Дигитална Европа, меѓу останатите релевантни инструменти за

## Активности на ЕАСПД

финансирање, треба да одвојат ресурси за иновации во вештачката интелигенција во социјалните сервисни служби.

2. Задолжително да бидат вклучени пристапноста и дизајнот ориентиран кон корисникот во јавните набавки за системи за вештачка интелигенција што се користат во секторот за социјална грижа и поддршка. Ревизијата на регулаторните рамки на ЕУ за јавни набавки и вештачка интелигенција мора да бара сите системи за вештачка интелигенција набавени од јавните власти за употреба во социјалната грижа и поддршка да ги исполнуваат стандардите за пристапност, употребливост, заштита на податоци, транспарентност и заеднички дизајн. Вештачката интелигенција мора да биде заеднички дизајнирана со корисниците за кои е наменета, особено лицата со попреченост, за да се осигура дека алатките ја зајакнуваат и поддржуваат самостојноста, истовремено почитувајќи го достоинството.
3. Поддршка на развојот на насоки и „песочни кутии“ специфични за секторот за вештачка интелигенција во социјалните сервисни служби. За справување со етичките, правните и оперативните сложености, ЕУ треба да поддржи креирање на специфични секторски насоки за употреба на вештачката интелигенција во социјалната грижа. Тие треба да се развијат заедно со обезбедувачите на сервисни служби, професионалците, лицата кои ги користат сервисите и правни експерти. Исто така, треба да се воспостават регулаторни „песочни кутии“ за да се овозможи контролирано тестирање на иновативни апликации за вештачка интелигенција, обезбедувајќи безбедност, усогласеност и прилагодливост пред целосно распоредување.
4. Да се унапредуваат европските центри за знаење и мрежите со цел да се споделуваат најдобри практики, стандарди и алатки за зајакнување на капацитетот за вештачка интелигенција во социјалните сервисни служби. ЕУ треба да инвестира во координирана мрежа на центри за знаење за вештачка интелигенција фокусирани на социјалните сервисни служби. Овие центри би го олеснувале врсничкото учење, би ги промовирале најдобрите практики и би обезбедувале обука за професионалците во секторот за грижа, ИТ професионалците и јавните власти за ефективна и етичка употреба на вештачката интелигенција. Исто така, тие би можеле да ги поддржат актерите во социјалната економија кои честопати немаат капацитет да ги интегрираат новонастанатите технологии.
5. Обезбедување на еднаков пристап до алатки за вештачка интелигенција преку ефективна комуникација и информирање. Покрај развивањето на пристапни алатки за вештачка интелигенција, потребно е да се обезбеди дека лицата со попреченост и нивните згрижувачи знаат како ефективно да ги користат. ЕУ треба да даде приоритет на јасни и инклзузивни известувања за расположливоста, бенефитите и употребата на технологиите за вештачка интелигенција. Поддршката на локалните организации во напорите за информирање е клучна за зголемување на усвојувањето, намалување на дигиталната исклученост, и овозможување на корисниците да носат информирани одлуки.
6. Да се овозможи европска платформа за податоци за вештачката интелигенција и да се мери општественото влијание во грижата и поддршката. Ваква европска платформа за собирање, анализа и визуелизација на податоци од обезбедувачи на социјални сервисни служби може да ја зајакне интеграцијата на вештачката интелигенција. Платформата би го поедноставила управувањето со податоци, би овозможила донесување одлуки врз основа на докази и би поддржала стратешко планирање низ целиот сектор. Тоа би овозможило увид во реално време за пружањето на сервисните служби, потребите на работната сила и резултатите од корисниците, особено околу инклузијата, автономијата и квалитетот на сервисните служби. Со промовирање на транспарентност, споредување и споделување на алатки и практики, платформата би го насочила и развојот на етичка, пристапна и насочена кон корисникот вештачка интелигенција во согласност со вредностите на ЕУ и Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.
7. Заштита на човековите права и промоција на дигитална инклузија. Користењето на вештачката интелигенција во социјалните сервисни служби мора да биде водено од принципите на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Тоа обезбедува дека алатките за вештачка интелигенција не ја поттикнуваат дискриминацијата, пристрасноста или исклучувањето. ЕУ треба да ги поддржува процените на влијание и механизмите за мониторинг кои поттикнуваат приватност, достоинство и автономија во сите процеси поврзани со вештачката интелигенција.



## Активности на Европската мрежа за самостојно живеење (ЕНИЛ)

# Одбележување на Европски ден на самостојно живеење

Европскиот ден на самостојно живеење се одбележува на 5-ти мај секоја година. Овој ден претставува можност за лицата со попреченост да го бараат своето право на самостојно живеење, да делуваат за подигнување на свеста за бариерите со кои тие се соочуваат и да се солидаризираат со лицата кои живеат во институции и оние чии гласови не се слушаат.

Европскиот ден на самостојно живеење е прогласен од Одборот на Европската мрежа за самостојно живеење (ЕНИЛ) во 2014 година за да им даде можност на сите лица со попреченост и нивните сојузници да го бараат правото на самостојно живеење, да ја подигнуваат јавната свест за препреките со кои се соочуваат лицата со попреченост и да бидат солидарни со лицата кои живеат во институции и чии гласови не се слушнати.

Оттогаш, овој ден се одбележува низ цела Европа на најразлични креативни начини. Од јавни протести, до вебинари, конференции и состаноци со креатори на политики, уметнички изложби и кампањи под мотото „Горди, силни, видливи“.

Оваа година, Канцеларијата на Високиот Комесар за човекови права при Обединетите нации - Регионална канцеларија за Европа и ЕНИЛ заеднички го одбележаа Европскиот ден за самостојно живеење во Куќата на ОН во Брисел. Во текот на настанот се прикажа и шведскиот документарен филм „Борба за живот – политиките за лицата со попреченост во Шведска“, снимен од режисерката Caroline Ardbo. Филмот се фокусира на состојбите со личната асистенција во Шведска во изминатата деценија. Некогаш предводник во самостојното живеење за лицата со попреченост, филмот истакнува систем во опаѓање каде што лицата со попреченост се соочуваат со сè повеќе (правни и административни) бариери и буџетски намалувања што им спречуваат целосно да се вклучат во заедницата.

На настанот, говореше и Christina Meinecke, регионалниот претставник на ОН за човекови права во Европа. Таа во своето обраќање се осврна на изминатите активности со ЕНИЛ и за она што понатаму ќе следи како предизвик за работа. „Повеќе од 15 години соработуваме со ЕНИЛ за да го промовираме правото на лицата со попреченост во Европа, а прашањето за вклучување во заедницата и деинституционализација на лицата со попреченост, децата, постарите лица и други групи на граѓани е долгогодишен приоритет. Важна причина за ова е дека самостојното живеење и вклученоста во заедницата е мошне централно и сеопфатно право во Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, договор кој е ратификуван од Европската унија и сите нејзини 27 земји членки. Кога станува збор за права, сè зависи од тоа да се биде вклучен во заедницата, да се биде активен учесник во сопствениот живот и да се имаат сервисни служби што ви овозможуваат да бидете дел од општеството како и секој друг. Правото на самостојно живеење отелотворува позитивна филозофија на наредување во заедницата. Сепак, тоа е далеку од реалноста за многу лица со попреченост. Институционализацијата останува голем предизвик во областа на човековите права во Европа – како што постојано истакнуваат телата за човекови права – и покрај многуте напори за замена на институциите со сервисни служби во местото на живеење и лична асистенција. Фондовите на ЕУ имаат значаен потенцијал за позитивна промена во оваа област, и ние ќе побараме идниот буџет на ЕУ да даде приоритет на инвестирање во програми за деинституционализација што се засновани на човекови права во земјите членки“.

**Препораките на РЦПЛИП – ПОРАКА во однос на прашањето за самостојното живеење и вклученост во заедницата за лицата со попреченост се следните:**

- Потребно е да се осигура континуитет и стабилност на спроведувањето на процесот на деинституционализација и ефективна трансформација на резиденцијални институции преку имплементација на изработените планови за трансформација.
- Обезбедување одржливост на постојните сервисни служби за поддршка и да се продолжи со креирање на нови сервиси за поддршка, врз основа на реална процена на потребите на лицата со попреченост и нивните семејства.
- Воспоставување нови видови на сервисни служби со цел да се покријат празнините во понудата на сервиси на локално и/или регионално ниво: помош и нега во домот, одмена на семејна грижа, кризни центри, поддршка за лица кои имаат интензивна потреба за тоа. Личната асистенција како услуга да биде достапна и за лица со интелектуална попреченост.
- Подобрување на квалитетот и надоградување на функцијата на постојните сервисни служби за поддршка (дневни центри, згрижување, мали групни домови и лична асистенција за лицата со попреченост).
- Потребно е да се развијат дополнителни методологии насочени кон лицето и да се обезбеди обука за персоналот во социјалните сервисни служби.
- Надополнување на регулаторните механизми со стандарди за квалитет, вклучително и процедури за мониторинг и евалуација.
- Воспоставување партнерство помеѓу обезбедувачите на сервисни служби од граѓанскиот сектор и државата – еднаков третман на сите обезбедувачи на сервисни служби.
- Обезбедување поддршка на неформалното згрижување со цел да се спречи сместување во институции и овозможи дополнително намалување на стапката на институционализација.
- Зајакнување на децентрализацијата и улогата на единиците на локална самоуправа во реформата на системот за социјална заштита и обезбедувањето сервисни служби во местото на живеење преку одржливо финансирање.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА од меѓународна соработка

# Глобален самит за попреченост 2025

Глобалниот самит за попреченост е водечка светска платформа преку која се делува за унапредување на правата и инклузијата на лицата со попреченост. Започнат во 2017 година Самитот ги спојува владите, организациите на лица со попреченост, граѓанското општество, приватниот сектор, меѓународните организации и донаторите за да се забрза напредокот на развојот за инклузија на попреченоста и хуманитарните активности. Самитот се стреми да го затвори јазот помеѓу две честопати неповрзани области: инклузија на лицата со попреченост и развојна соработка. Глобалниот самит за попреченост има за цел да ги поттикне глобалните напори за реализација на инклузијата на лицата со попреченост во светот. Исто така, служи како периодичен механизам за унапредување на меѓународната соработка, за мобилизирање на обврските и зајакнување на одговорноста за вклучување на попреченоста во сите сектори.

Оваа година Глобалниот самит за попреченост се одржа на 2-ри и 3-ти април во Берлин, Германија. Домаќини беа владите на Германија и Јордан, како и Меѓународната алијанса за попреченост. На Самитот учествуваа над 4.700 учесници од повеќе од 160 земји низ светот. Самитот заврши со усвојување на Декларацијата Аман - Берлин за глобална инклузија на лицата со попреченост и над 800 нови обврски од страна на владите, приватниот сектор и развојните партнери за забрзување на инклузијата на лицата со попреченост во сите сектори. Со Декларацијата Аман - Берлин се изјавува следното:

1. Ќе се стремиме сите наши меѓународни програми за развој да бидат инклузивни и пристапни за лицата со попреченост, преку активно давање позитивен придонес кон инклузивна и целосна еднаквост и кон недискриминација
2. Ќе се стремиме да осигуриме дека најмалку 15 проценти од меѓународните програми за развој кои се имплементираат на ниво на една земја да ја имаат инклузијата на лицата со попреченост како цел („15 проценти за 15 проценти“). Ќе се стремиме да ја постигнеме оваа цел до 2028 година, годината во која треба да се одржи следниот глобален самит.
3. Ја признаваме и ја прифаќаме улогата на организациите на лицата со попреченост. Затоа сме решени да обезбедиме целосен и ефективен ангажман на организациите на лицата со попреченост и нивното важно учество во сите фази на развојна соработка и хуманитарна акција. Ја нагласуваме потребата за безбедна и поволна средина за граѓанското општество и бранителите на човековите права, особено организациите на лицата со попреченост.
4. Ќе се стремиме да ја направиме инклузијата реалност за сите лица со попреченост, особено за оние кои се најмалку претставени, оние кои се соочуваат со висок ризик од исклученост или со повеќекратни облици на дискриминација, особено жени и девојки, како и деца и млади лица со попреченост.
5. Ќе се стремиме да ја поттикнеме инклузијата на лицата со попреченост преку меѓународна развојна соработка, прифаќајќи дека инклузијата на лицата со попреченост е релевантна за сите сектори.
6. Ќе се стремиме хуманитарната акција да биде инклузивна и пристапна за лицата со попреченост, како што се бара според член 11 од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, Сендаи рамката за намалување на ризици од катастрофи, Резолуцијата 2475 (2019) на Советот за безбедност за заштита на лицата со попреченост во конфликтни ситуации и Насоките на интерагенцискиот постојан комитет за инклузија на лицата со попреченост во хуманитарни акции.
7. Ќе промовираме партнерство со релевантни чинители, вклучувајќи национални актери за инклузија на лицата со попреченост, приватниот сектор, синдикатите, академското и граѓанското општество за да се поттикнува инклузијата на лицата со попреченост. Овие партнерства ќе се засноваат на взаемно учење и размена за да се охрабрат повеќе истражувања, како и билатерални и мултилатерални финансирања за инклузија на лицата со попреченост и слични на тоа прашања, вклучително асистивна технологија и вештачка интелигенција.
8. Ќе ги зајакнеме нашите напори за собирање податоци и докази за состојбите на лицата со попреченост и за меѓународната развојна соработка поврзана со инклузијата на лицата со попреченост, како и хуманитарните акции со цел да се подобрат нашите политики, стратегии и програми.
9. Со над милијарда причини за промена, подготвени сме да ги здружиме силите за да обезбедиме ефективно почитување на правата на лицата со попреченост и во светот по 2030 Агендата.

Глобалниот самит за попреченост претставува многу повеќе отколку само дводневен настан што се одржува на секои три години. Тој претставува механизам што вклучува постојано застапување со глобалните чинители за развој на лицата со попреченост и мобилизација на движењето за правата на лицата со попреченост и неговите сојузници.

На Глобалниот самит за попреченост 2025 учествуваа и Генералниот секретар и Програмскиот менаџер на РЦПЛИП – ПОРАКА. Тие имаа можност да учествуваат на панел дискусии кои опфатија теми од интерес за лицата со интелектуална попреченост, а воедно имаа можност и да ги споделат искуствата од работата на РЦПЛИП – ПОРАКА и состојбите во нашата држава.



Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА

**Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип**

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип редовно се реализираа во изминатиов период. Покрај редовните, се спроведоа низа интересни активности и со соработниците на дневниот центар. На 9-ти април се одржа работилница за изработка не белегзии од благородни каменчиња кои според верувањата имаат моќ да дадат позитивна енергија. Работилницата беше одржана од Мехмет Али, студент на Медицинскиот факултет при Универзитетот Гоце Делчев, отсек Стоматологија, а со поддршка од Адем Чиндаровски, професор по турски јазик и книжевност кој ја разби јазичната бариера. Мехмет Али со голема љубов и трпение го претстави своето хоби и сите заедно изработија белегзии внимателно одбирајќи ги каменчињата според потребите и желбите на корисниците. По повод Курбан Бајрам, претставници на Адиент Сеатинг – Штип беа во посета на дневниот центар и ги почестија корисниците со баклава. Тие воедно имаа можност да се запознаат со активностите кои корисниците секојдневно ги спроведуваат во дневниот центар.

По повод Велигденските празници се реализираа низа интересни активности. И оваа година, претставници на М.Кеш – Штип ги посетија корисниците на дневниот центар и донираа скромни велигденски подароци. Истиот ден, корисниците на дневниот центар им помагаа на учениците во ООУ „Гоце Делчев“ кои по повод велигденските празници подготвија изработки и организираа базар што се одржа во кругот на училиштето. Се спроведе и работилница со Маријана Ѓелева, која на нејзина иницијатива со корисниците декорираше велигденски јајца.

На крајот од месец април, дневниот центар го посети медицинскиот персонал во ординацијата по општа медицина ПЗУ ФАМ – МЕД. Дел од корисниците имаа можност да ја проверат својата здравствена состојба во однос на шеќер во крвта и крвен притисок, а сите имаа можност пак, да чујат совети за унапредување на здравствената состојба. На 27-ми април корисниците на дневниот центар и нивните родители-старатели земаа учество на највозбудливиот настан СИТЕ ТРЧААТ ВО ШТИП, организиран од Superior Runs со поддршка од општина Штип. На трката учествуваа 1300 тркачи, голем број фирми, поддржувачи и волонтери, меѓу кои и корисниците на дневниот центар. Тие беа распоредени на четири пункта покрај тркачката патека и имаа за задача да делат освежителни пијалаци, вода, да ги мотивираат тркачите се до целта.

Корисниците на дневниот центар на РЦПЛИП - ПОРАКА во Штип зедоа активно учество во културната манифестација „ОЧИ НА ШОПОВ“ организирана од средношколците при СОУ “Славчо Стојменски“. Тие во придружба од нивните родители/старатели и средношколците при ДСУ „Искра“ – Штип, а со поддршка од професори по ликовна уметност, се изразија со цртежи на тема мојот град, а по завршувањето на настанот истите беа изложени во фоајето на Домот на културата „Ацо Шопов“ – Штип. Корисниците учествуваа и на настан организиран од страна на Заедница на Хрвати Либертас - Штип по повод денот на мајката со тема: „Таму каде е твојата мајка, таму е твојот дом“. Корисничка на дневниот центар на РЦПЛИП - ПОРАКА во Штип имаше емотивно излагање на тема мајка и ја презентираше арапската техника на цртање која ја има совладано во дом за деца без родители и истите беа поделени помеѓу посетителите. Во рамки на активностите во чест на 24 Мај, Ден на словенската писменост, на 21-ви мај се одржа инклузивна работилница во Народната универзитетска библиотека Гоце Делчев - Штип на која учествуваа корисниците на дневниот центар на РЦПЛИП - ПОРАКА во Штип, ученици од ДСУ „Искра“ и ученици од СОУ „Славчо Стојменски“. Сите заедно преку мозаик техниката изработија паноа со кирилични букви, а истите беа изложени во фоајето на НУ - УБиблиотека „Гоце Делчев“ – Штип. На 28-ми мај во Центарот на култура „АСНОМ“ во Гостивар беше одржана изложба на дела која имаше за цел да разбива предрасуди и стереотипи, и да ја промовира креативноста на лицата со попреченост кои имаат творечка способност. Во фоајето на установата беа поставени цртежи во арапска техника на Верче Цафовска, корисник на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип, и слики на Дарко Трајков – лице






## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

со Даунов синдром. Изложбата беше насловена „Ветување“, а организирана од НУ - УБиблиотека „Гоце Делчев“ - Штип во соработка со дневниот центар на РЦПЛИП-ПОРАКА во Штип.

На почетокот на јуни, претставници на Деа Свитс ДООЕЛ Штип, долгогодишни соработници кои секоја година на значајни денови за нив донираат нивни слатки производи, го посетија дневниот центар. Овој пат поводот беше роденденот на сопственичката на Деа Свитс ДООЕЛ Штип, која одлучила оваа година да го прослави во дневниот центар заедно со корисниците на дневниот центар. На 11-ти јуни корисниците на дневниот центар рекреираа на кејот на реката Отиња, покрај ново реконструираните паркови. Активноста се одвиваше во пријатна атмосфера и сончево време, при што корисниците уживаа во урбано средениот кеј. Прошетката претставуваше дел од редовните рекреативни и социјални активности кои имаат за цел да го поттикнат физичкото здравје, социјалната интеграција, а воедно и корисниците да ја согледаат можноста за рекреативни прошетки за време на викенд во утринските и попладневните часови.

### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп

Во изминатиот период корисниците на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп беа доста активни и вклучени во најразлични активности. Кон крајот на месец март и почетокот на месец април, студентки од Педагошкиот факултет при Универзитетот „Свети Климент Охридски“ – Битола во неколку наврати ја одржаа студентската пракса во дневниот центар каде што низ низа активности корисниците и студентките имаа можност да се запознаат и да работат заедно. Потоа следуваа активности поврзани со велигденските празници. Се одржаа доста работилници заедно со соработниците на дневниот центар. Во текот на работилниците корисниците изработуваа велигденски венчиња, велигденски украси, бојадисуваа и декорираа велигденски јајца. По повод велигденските празници, членки на Унијата на жени на ВМРО – ДПМНЕ ОК Прилеп, го посетија дневниот центар и имаа можност да се запознаат со корисниците и да слушнат за активностите кои се реализираат во оваа сервисна служба.

Наставничката Вера Попоска еднаш неделно го посетува дневниот центар и се реализираат најразлични практични активности, а со пристигнувањето на пролетта доста помага во уредување и засадување на нови цвеќиња



во дворот кој го користи дневниот центар.

На почетокот на месец мај се реализираше едукативно-рекреативна посета на отворениот центар за рекреација на Прилепското езеро. Покрај прекрасниот чист воздух за дишење и сонцето кое дополнително ја зголеми енергијата, корисниците ги искористија тeрените за рекреација и уживаа во природата која има што да понуди во овој дел од градот. Исто така на почетокот на мај, пријателите на дневниот центар од Интеракт клуб - Прилеп по повод својот 10-ти роденден го посетија дневниот центар и со музика и забава го одбележаа овој јубилеј.

Со поддршка и организација на Интеракт клуб – Прилеп корисниците имаа можност да посетат една од најголемите фабрики во нашата земја, Витаминка – Прилеп. За време на посетата тие се запознаа со производството и процесот на правење на смоките Стоби флипс. Активностите беа збогатени и со работилницата која се одржа во просториите на дневниот центар по повод роденденот на македонската азбука со ученици од ООУ „Кире Гавриловски Јане“, а во соработка, повторно со Интеракт Клуб. Учесниците на работилницата бескрајно се забавуваа и несебично учествуваа во претходно подготвените активности. Се вети и следна средба, но овој пат во просториите на училиштето.

### Дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје

Во второто тромесечје од календарската година дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје продолжија со активности во кои беа вклучени постојани, но и некои нови соработници. Би започнале со повеќе од





## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

деценискаta соработка која е воспоставена со Факултетот за ликовна уметност во Скопје. Имено, по повод 45 години од постоењето на оваа високообразовна институција, а како резултат на одличната соработка со истата, на свечена академија одржана на 3-ти април, на РЦПЛИП – ПОРАКА и беше доделена Благодарница за успешна воспоставена соработка. Во контекст на ова беа одржани и неколку работилници за изработка на мозаик заедно со корисниците и студентите од факултетот кои потоа беа изложени на завршната изложба од студентите на 30-ти мај во просториите на факултетот, локација Сули – Ан.

Воспоставена е нова соработка и со занаетчиска работилница „Народни носии“. Па така, во текот на месец март беа реализирани две работилници за корисниците од дневните центри заедно со млади занаетчии, на кои можеше практично да се види како се изработуваат/ткаат македонски народни носии и килими.

Овде ќе ја потенцираме и повторната изведба на театарската претстава „Ние луѓето“, овој пат поставена на сцената на Драмски театар - Скопје. Истата се одржа на 9-ти април, и имаше хуманитарен карактер т.е. средствата од продадените билети за претставата беа наменети за семејствата погодени во страшната трагедија која се случи во Кочани. Во претставата беа вклучени корисниците од дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје, ученици од основните училишта во населба Ѓорче Петров, а во режија и сценографија на театарските работници од Центарот за изведувачки уметности и едукација Театар ПИ.

Продолжуваат и заедничките активности со дел од средните и основни училишта. Па така на 13-ти март во просториите на дневниот центар во Аеродром беше реализирана кулинарска работилница со учениците од СУГС „Лазар Танев“. На 15-ти април, по повод празникот Велигден, корисниците од дневниот центар во Капиштец реализираа работилница со учениците од СГГУГС „Здравко Цветковски“. Во рамките на одбележувањето на денот на македонските просветители Св. Кирил и Методиј, на 22-ри мај беше реализирана тематска работилница со ученици од ООУ „Љубен Лапе“, а на 30-ти април корисниците од дневниот центар во Капиштец присуствуваа на одбележување на патрониот празник на ООУ „Киро Глигоров“.

Во текот на месеците април и мај во двата дневни центри се реализираше практична работа за студенти од Факултетот за социјална работа и социјална политика. Притоа студентите заедно со социјалните работници од





дневните центри практично работеа со корисниците, фокусирајќи се на одредени корисници за кои дополнително беа изработени Наод и Мислење.

Продолжуваат тековните активности за градинарење, а во зависност од обемот на работата се вклучуваат и родители на корисниците на дневните центри. Исто така продолжи и рециклирање на пластична амбалажа на вендинг машини од „Пакомак“, преку користење на мобилна апликација. Во изминатиов период преку дел од собраните средства од оваа активност беше набавен мал електричен апарат – тостер за потребите на дневниот центар во Аеродром. Покрај овие редовни активности, од месец мај корисниците од Капиштец се рекреираат на спортско игралиште во близина на дневниот центар. На иницијатива на група родители на корисниците од дневните центри, дел од корисниците заедно со своите родители патуваа со воз до Велес. Активноста се реализираше со поддршка на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје.

### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш

Активностите на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш и во изминатиот период се спроведуваат согласно предвидената програма за работа. Дел од активностите се реализираа и со низа различни соработници. Така, на 11-ти март во посета на корисниците на дневниот центар беа претставници на НВО Нова надеж кои заедно со нив ги донесоа нивните гости, интернационални забавувачи од италијанската НВО РЕЕМ и НВО Агапи од Ресен. Целта на оваа посета беше преку игра и пантомима да се прикажат



## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

две приказни од нашето секојдневие. Корисниците учествуваа директно во овие активности преку имитирање на движења, помагање во додавање на предмети како дел од сценариото и интерактивни игри.

Во текот на месец април дел од активностите беа посветени на велигденските празници. На 16-ти април дневниот центар го посети раководниот тим на ДОО Маком Маја дисконти заедно со нивниот заштитен знак маскотата Зелена детелинка кои на корисниците им подарија прекрасни подароци. На 17-ти април во посета беа и претставници на Здружението на пензионери од општините Радовиш и Конче. За време на посетата корисниците се запознаа и со претстојните активности на гостите, а имаа можност и да ги претстават и своите следни активности. Овој период се одбележаа и родендените на двајца корисници на дневниот центар кои беа поддржани од менаџерскиот тим на рудникот Бучим со прекрасна роденденска торта и прекрасни роденденски подароци. На 6-ти мај, по повод празникот Ѓурѓовден, корисниците на дневниот центар беа поканети од семејствата на двајца корисници Коцев Ване и Николов Миле да бидат нивни гости во село Подареш бидејќи овој празник е нивна селска слава. Село Подареш е десет километри оддалечено од градот Радовиш и беше интересно место да се види посебно на овој празник кога секоја куќа е подготвена за пречек на гости. Корисниците денот го поминаа во пријатна дружба и забава. На 10-ти мај корисниците на дневниот центар заедно со вработените од Рудникот Бучим беа поканети да учествуваат во акцијата „Генералка Викенд“ која по четврти пат ја организира општина Радовиш со цел да се исчистат сите зелени површини и депонии од отпад. Со доделени маички со логото на оваа акција, заштитни ракавици и вреќи за собирање на отпад, корисниците за прв пат беа дел од оваа акција и во границите на нивните можности, а со поддршка на вработените на рудник Бучим, го дадоа својот придонес кон чиста средина и поубаво место за живеење.

На 20-ти мај, по повод Светскиот ден на пчелата, корисниците беа поканети на одбележување на овој ден од страна на пчеларското здружение Радовишка пчела кои се нови соработници на дневниот центар. На овој настан корисниците добија основна едукација за значењето на пчелите и нивната улога за животот на планетата, во опрашување на растенијата, добивање на мед и други пчеларски производи. Потоа имаше интерактивни работилници со пчеларска опрема и на крај дегустација на мед и други природни дарови од кошницата. На овој настан учествуваа и ученици од основните училишта од градот и детската градинка.

На 22-ри мај корисниците го посетија фото студиото МИХАИЛОВ и имаа можност да се запознаат со процесот на фотографирање. Секој од корисниците имаше можност да позира пред фотоапаратот и да ја види својата фотографија на компјутер, и како истата се изработува. Сите добија по една нивна фотографија како спомен од заедничкото дружење.



### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија

Активностите во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија се реализираа според предвидената програма за работа. На една од работилниците се говореше за природата, развивањето на растенијата и нивно одржување. По тој повод се засадија цвеќиња во саксии и секој корисник во периодот што претстои треба да се грижи за своите цвеќиња. На 8-ми април беше одржана родителска средба со присуство на корисниците и нивните родители. На средбата со родителите беа разгледани Извештајот за работата на социјалниот клуб за изминатата 2024 година, Програмата за работа за 2025 година, беше разгледана досегашната соработка со дневниот центар кој што функционира под Министерството за социјална политика, демографија и млади и предлози за идна соработка. На средбата посебен осврт беше даден на информација за иницијативата на Фондација „Ице Бегов“ за почетно мапирање во општина Гевгелија со цел разгледување на потребите и можностите за отворање на мала станбена единица за лица со интелектуална попреченост. На крајот од средбата родителите имаа можност да дадат нивни предлози за понатамошно функционирање на социјалниот клуб. Дел од работилниците беа посветени на христијанскиот празник Велигден и на нив се креираа едноставни изработки со мотиви за празникот. Се бојадисуваа и велигденски јајца заедно со претставници на маркет ЖИТО кои беа во посета на социјалниот клуб, кои на сите корисници им доделија и скромни пакети со прехранбени продукти.

На 29-ти април корисниците учествуваа во хуманитарната акција „Гевгелија во фитнес ритам“, фитнес тренинг на отворено, организирана од ОО на Црвен крст Гевгелија за помош на наш сограѓанин со телесна попреченост.



## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

По завршување на овој настан се продолжи со дружење во кафе бар во центарот на Гевгелија.

Со подобрувањето на временските услови, дел од активностите во социјалниот клуб се реализираа и во природа. На покана на атлетскиот клуб „7-ми Ноември“ од Гевгелија, дел од корисниците со своите блиски, земаа симболично учество на хуманитарна трка по повод Светскиот ден на пулмоналната хипертензија на 5-ти мај. По повод Денот на победата над фашизмот 9 мај корисниците ја посетија изложбата „80 години од победата на фашизмот“ во амамот каде неколку дена беа изложени фотографии, но и неколку парчиња оружје користено во Втората светска војна од гевгелиските борци. Се реализираше и посета на пчеларската фарма Алчинов по повод Светскиот ден на пчелата 20 мај. Корисниците на социјалниот клуб имаа можност да го посетат и апи-терапискиот центар кој функционира во рамки на пчеларската фарма. Ова е еден од ретките вакви центри во Македонија каде што со апи-инхалацијата, вдишување на пчелин воздух директно од пчелна кошница, се подобрува целата функција на респираторниот тракт, се намалуваат тешкотиите во дишењето. Една работилница во месец мај се посвети на одбележување на Светската недела на хигиената на која се говореше за важноста од редовното миење раце и одржување на лична хигиена. И во месец мај се продолжи со изработка на декоративни свеќници во различни бои и дезени што ќе бидат претставени и продавани по симболични цени на некоја следна манифестација.

Исто така се играат и друштвени игри како што се пикадо, куглање во импровизирани услови, редење сложувалки, играње карти, „Не лути се човече“.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Кавадарци

Активностите во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Кавадарци непречено се реализираа во изминатиот период. Се спроведоа креативни работилници за изработка на првоаприлски маски по повод денот на шегата, и низа други на теми поврзани со поважните датуми во изминатиот период. Корисниците на социјалниот клуб редовно имаа активности за средување и одржување на дворот, а засадија и 11 лозови насади, кои понатаму самостојно ќе ги одржуваат. Се продолжи и со редовни спортско-рекреативни активности во спортската сала на средното земјоделско-шумарско училиште „Ѓорче Петров“ како и со посета на фудбалски натпревар на ГФК Тиквеш. Родителите на корисниците присуствуваа на работна средба со пратениците во Собранието на РСМ, Весна Георгиева и Зоран Јованчев, на која повторно актуелизираа одредени состојби и проблеми со кои тие секојдневно се соочуваат. Исто така, присуствуваа и на трибина насловена Од тишина до глас, на која повторно можеа да говорат за актуелните состојби поврзани со лицата со попреченост и нивните права и потреби.

Почетокот на мај корисниците го одбележаа со прошетка и пикник во село Раец, кај семејството на Трајче Стојанов, а повод беше Први Мај, меѓународниот ден на трудот. Во текот на мај дел од корисниците на социјалниот клуб учествуваа на меѓународен турнир во фудбал во Стара Пазова, Република Србија. На турнирот се натпреваруваа фудбалски екипи од Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Северна Македонија. Екипата на социјалниот клуб на РЦПЛИП -ПОРАКА во Кавадарци имаше забележителен настап.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола редовно ги реализира предвидените програмски активности во изминатиов период. Покрај овие, се реализираа и низа активности со соработниците на Социјалниот клуб,

На покана од Битолскиот Камерен оркестар, дел од корисниците учествуваа на нивниот концерт „Засекогаш во срцата“ посветен на Тоше Проески и настраданите во пожарот во Кочани. Концерт се одржа на 5-ти април во Центарот за култура - Битола. Пред многубројната публика корисниците на социјалниот клуб заедно со Камерниот оркестар и неколку училишта од Битола, настапија во изведбата на песната „Свет за сите“ од Тоше Проески.

Во пресрет на големиот христијански празник Велигден, се одржуваа работилници на кои се разговараше за традиционалните обичаи и фолклор поврзани со празникот. Корисниците изработуваа декоративни ракотворби, креативни ликовни творби и украсуваа и бојадисуваа велигденски јајца. И оваа година, веќе традиционално, корисниците на Велики четврток го посетија домот за стари лица Сју Рајдер – Битола и заедно со домаќините бојадисуваа велигденски јајца. На 21-ви април корисниците






## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

ја посетија најстарата црква во Битола, храмот Св. Димитрија и присуствуваа на велигденската литургија.

На почетокот на мај се реализираше посета на манастирот Св. Наум Охридски на која присуствуваа корисниците на социјалниот клуб и дел од нивните родители. За време на посетата, покрај манастирот, корисниците ги посетија и другите интересни места во околината и слушнаа за значењето на дел од нив. Крајот на мај го одбележа настанот „Битола низ вековите: Од европски град до пример за инклузија преку ПОРАКА". Настанот го организираше ЦПЛИП – ПОРАКА Битола во соработка со РЦПЛИП – ПОРАКА и Општина Битола, а се одржа на 30 или 31.05. на плоштадот Магнолија. Учество зедоа ученици од ООУ „Тодор Ангелевски", ООУ „Д-р. Трифун Пановски" и корисниците на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола. На настанот покрај многубројните гости присуствуваше и Градоначалникот на Општина Битола, Д-р. Тони Коњановски. Во текот на настанот се изведоа песни за градот Битола, се играа стари детски игри, се изведуваа кратки дијалози поврзани за градот, се разговараше за историјата на градот. Настанот заврши со Конзулски бал, на кој учесниците и присутните заедно танцуваа со што се создаде атмосфера на вистинско заедништво.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица редовно ги реализира планираните програмски активности пропратени со низа креативни работилници и соработки со различни соработници. На почетокот на месец април дел од активностите беа насочени кон одбележување на позначајни датуми во тој период. На 2-ри април, по повод меѓународниот ден на лицата со аутизам се реализираше средба во Етно ресторан Кај Виктор, на која се разговараше и се споделуваа лични доживувања од страна на родителите и нивните деца, а поврзани со секојдневните тешкотии со кои се соочуваат овие лица. Исто така, се одбележа и 7-ми април, денот на здравјето, при што со корисниците се разговараше за грижата за сопственото здравје, и каде треба да се оди кога е потребна здравствена помош. На 8-ми април во центарот на Струмица беше спроведен и Велигденски базар кој го посетија многу случајни, но и намерни купувачи., Средствата од базарот се наменети за набавка на материјали за работа во социјалниот клуб. Се реализираа и неколку креативни работилници за изработка на велигденски декорации истовремено разговарајќи за значењето и одбележувањето на овој празник.

Кон крајот на април, дел од корисниците на социјалниот клуб беа во посета на детската градинка Виножито и донираа боенки кои тие самите ги имаат изработено. Во мај, продолжија редовните активности во социјалниот клуб на РЦПЛИП - ПОРАКА во Струмица, но и работилниците кои ја поттикнуваат креативноста. Дел од нив беа подготовки за шиење на фустани и кошули со народни орнаменти. На овие работилници корисниците ги подготвуваа материјалите и платната од кои ќе се изработуваат фустаните и кошулите. Исто така, корисниците на социјалниот клуб заедно со своите родители посетија пицерија во центарот на градот, при што се учеа на соодветно однесување во ресторан.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница редовно ги реализира предвидените активности согласно програмата за работа. Во текот на месец април се реализираа повеќе когнитивно – едукативни активности и практични активности со корисниците. Воедно, се реализираа и низа активности поврзани со велигденските празници т.е. се изработуваа најразлични ракотворби и украси, се бојадисуваа велигденски јајца, се раскажуваа настани и случки кои оставиле најголем впечаток кај корисниците. Се одбележа и 22 април, денот на планетата Земја, преку изработки на цртежи, разговори за важната улога на секој во негување и чување на околината и чистата животна средина.

Во текот на месец мај, меѓу останатите активности, се реализира и активности за одбележување на позначајни настани. Се одбележа месецот на психолошкото здравје на кои се разговараше на оваа тема. Низ активности се одбележа и меѓународниот ден на семејството, 15 мај, и се разговараше за важноста на семејството. Со разговори за значењето на пожарникарите, се одбележа нивниот ден на 20 мај. По повод 24 Мај, денот на Сесловенските просветители, Св. Кирил и Методиј, се реализираше работилница на која се разговараше за македонската азбука и се читаа и пишуваа буквите.

Во изминатиов период, не беа заборавени и забавно-рекреативните игри кои придонесуваат за добрата психо-физичка состојба на корисниците.






ПОРАКА

# Наша Страница

## „Битола низ вековите: Од европски град до пример за инклузија преку ПОРАКА“

**ЦПЛИП – ПОРАКА Битола организираше настан насловен „Битола низ вековите: Од европски град до пример за инклузија преку ПОРАКА“ во соработка со РЦПЛИП – ПОРАКА и Општина Битола. Настанот се одржа на 31-ви мај на плоштадот Магнолија. Учество зедоа ученици од ООУ „Тодор Ангелевски“, ООУ „Д-р. Трифун Пановски“ и корисниците на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола.**






**Покрај многубројните гости на настанот присуствуваше и Градоначалникот на Општина Битола, Д-р. Тони Коњановски. Во текот на настанот се изведоа песни за градот Битола, се играа стари детски игри, се разговараше за историјата на градот.**





**Настанот заврши со Конзулски бал, на кој сите заедно танцуваа со што се создаде атмосфера на вистинско заедништво.**

ISSN 0350-5863